Врз основа на член 39 од Статутот на Стопанската комора на Македонија (пречистен текст) бр. 02- 1770/8 од 26.12.2019 година, согласно член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020), донесувам

**ОДЛУКА**
**за определување офицери за заштита на личните податоци во Стопанската комора на Македонија**

**Член 1**

За офицери за заштита на личните податоци се определуваат:

- Стево Серафимов, виш советник во Дирекцијата на други форми на организирање и работење при Комората, во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија и
- Ана Стерјовска, соработник во Дирекцијата на други форми на организирање и работење при Комората, во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија.

**Член 2**

Лицата наведени во член 1 на оваа Одлука, ги вршат следните работи:
- подготвуваат акти поврзани со обработката на личните податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци;
- ја следат усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на законот, што се однесуваат на обработката на личните податоци, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- ги изработуваат внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- ја координираат контролата на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- соработуваат со Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија;
- предлагаат обука на вработените во врска со заштитата на личните податоци и
- вршат други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот, како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.
Со донесувањето на оваа Одлука, престанува важноста на Одлуката со бр.07-337/1 од 01.02.2013 година.

Бр. 08-182/1
05.02.2021 год.
Скопје

в.д.Извршен директор,
Билјана Пеева – Ѓуриќ

Изготвила: Ана Стерјовска, соработник
Проверила/Одобрила: м-р Анета Трајковска, оперативен директор